## [Транспарентноста не е доволна за подобрување на состојбата во јавните набавки]




Објавувањето повеќе информации и документи во врска со тендерите во последните неколку години придонесе кон зголемена транспарентност на системот на јавни набавки во земјава, но овој тренд не беше проследен и со унапредување на интегритетот и отчетноста на институциите при спроведување на тендерите.

Оттука, неопходно е на спроведувањето на јавните набавки во земјава да му се посвети многу поголемо од сегашното внимание; суштински да се унапредат капацитетите на оние што
ги спроведуваат тендерите; да му се овозможи
на Бирото за јавни набавки (БЈН) да ги врши
зголемените надлежности, особено во поглед
на контролата при спроведувањето на тендерите и да се продолжи со трендот на преземање мерки за натамошно унапредување на
транспарентноста и отвореноста на јавните
набавки, со истовремен фокус врз подобрување.